| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Јас сум чист, јас сум здрав |
| **Содржина на денот** | „Волшебно торбиче“ |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Александра Дедес Трајковски |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Преку разговор со детето треба да се посочи на важноста од личната хигиена. Секојдневната грижа за себе, миењето лице, раце, заби, ќе ни овозможи да бидеме чисти, а со тоа и здрави. |
| **Активности** | Волшебно торбиче<br>Активноста со детето најпрвин ќе ја започнеме со презентација на приборот за лична хигиена. На детето ќе му покажеме четка за заби, паста за заби, чешелче за коса, сапун, крпа за бришење на раце и сите поединечно внимателно ќе ги именуваме (на детето да му се покажат фотографиите кои се дадени во прилог).<br>Низ краток разговор ќе му се посочи на детето дека хигиенските навики се многу важни за неговото здравје и дека секое дете треба да си има свој личен прибор за хигиена кој не треба да се менува со другарчињата.<br>Откако сме сигурни дека детето умее да го именува приборот за лична хигиена може да се организира игра наречена: „Волшебно торбиче“.<br>За оваа игра потребно ни е една торба во која ќе ги ставиме предметите од приборот за лична хигиена ,а детето со затворени очи со своето раче по пат на допир да извлекува предмети од торбичето и да бараме од него да ги именува.<br>Кога ќе се заврши со играта, заедно со детето може да ја одберете неговата омилена играчка (кукла, мече ... ) и заедно да ја избањате и да се погрижите за нејзината хигиена.<br>Грижата за своите омилени играчки, за тоа да бидат секогаш чисти, кај детето ќе делува поттикнувачки, мотивирачки за грижа и на неговата лична хигиена. |